Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за уредување на просторот

15 септември 2025 година

Архивски број: 67-1355/6

Министерството за транспорт, решавајќи по барањето од Агенција за планирање на просторот, со број -09-145/35 од 12.09.2025 година за одобрување на Планска програма за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Аеродром „Свети Апостол Павле“, КО Горенци и КО Оровник, општина Дебрца и општина Охрид (Плански период 2024-2034) изработена од „Агенција за планирање на просторот” со тех. број R0924 од септември 2025 година, аплицирана во информацискиот систем „е-урбанизам“ како постапка број 66907 со Барање за одобрување на Проектна програма со број 09-145/35 од 12.09.2025, врз основа на член 44 став (8) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), а во врска со член 87 став 1 и член 88 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на РМ“ бр.124/15), го донесува следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ОДОБРУВА Планска програма за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Аеродром „Свети Апостол Павле“, КО Горенци и КО Оровник, општина Дебрца и општина Охрид (Плански период 2024-2034) изработена од „Агенција за планирање на просторот” со тех. број R0924 од септември 2025 година.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Агенција за планирање на просторот изработи и достави барање за одобрување Планска програма за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Аеродром „Свети Апостол Павле“, КО Горенци и КО Оровник, општина Дебрца и општина Охрид (Плански период 2024-2034) изработена од „Агенција за планирање на просторот” со тех. број R0924 од септември 2025 година.


Министерство за транспорт на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина “ бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Комисијата за урбанизам формирана од Министерот за транспорт со Решение бр. 02-4476/1 од 09.06.2025 година, по извршениот увид во пропратната документација и изработената Планска програма, констатира дека истата може да се одобри и тоа го потврди со Предлог за одобрување бр. 67-1355/5 од 15.09.2025 година.

Во прилог на постапката се приложени:

- Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2025 година, објавена во (Сл. Весник на Р.С. Македонија бр. 25/25) ;
- Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 година, објавена во (Сл. Весник на Р.С. Македонија бр. 15/24) ;
- Услови за планирање на просторот изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. бр. 13008 и Е. бр. Y130008 од 2008 година;
- Решение за услови за планирање на просторот од Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор за просторно планирање, број УП1-15-3315/4 од 10.06.2008 година;
- Дополна на Услови за планирање на просторот изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. бр. Y130008i од декември 2024 година;
- Решение за услови за планирање на просторот од Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор за просторно планирање, број УП1-15-2262/2024 од 21.01.2025 година;
- Геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога, изработен од „Геофото – Зенит“ доо Скопје, број 0806-717/1 од 29.11.2024 година, заверен од Агенција за катастар на недвижности.
- Планска програма за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Аеродром „Свети Апостол Павле“, КО Горенци и КО Оровник, општина Дебрца и општина Охрид (Плански период 2024-2034) изработена од „Агенција за планирање на просторот" со тех. број R0924 од септември 2025 година;
- Барање на Мислење до Министерство за култура на РСМ, Национална комисија УНЕСКО на Република Северна Македонија од 07.03.2025 година;
- Достава на барање до Министерство за животна средина и просторно планирање – Комисија за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот региона со бр. 09-145/24 од 23.03.2025 година;
- Повторно барање на податоци и информации – Опомена до Министерство за животна средина и просторно планирање – Комисија за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот региона од 31.07.2025 година.


Министерство за транспорт на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина “ бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за уредување на просторот

Министерството за транспорт по разгледувањето на доставената документација и Предлогот за одобрување бр. 67-1355/5 од 12.09.2025 година на Планската програма од Комисијата за урбанизам, констатира дека се исполнети условите од член 44 и член 25 став (3) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и член 21 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ", бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25 и 143/25).

Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

Министер
Александар Николоски

Изработил: Александар Наумоски, дси

Одобрил: Весна Андриеска, диа
Раководител на Сектор за уредување на просторот


Министерство за транспорт на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина " бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk